ЈСП СКОПЈЕ
NQP SHKUP
бр. 02-1090/8-1
24.08.2022 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на Република Македонија број 27/14; 199/14; 27/16; 35/18 и 198/18; и Службен весник на Република Северна Македонија 143/19 и 14/20 В.Д. Директорот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ

## Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје број 02-309/8 од 15.03.2021 година, и тоа:

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 7. Сектор за јавни набавки, потточка 7.1. Одделение за управување на постапка за јавни набавки, работното место со реден број 293. Помлад соработник за спроведување на постапка за јавни набавки во делот вид на образование зборовите “Економски науки, правни науки или организациони науки и управување - менаџмент“ се заменуваат со зборовите “високо образование“.

## Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

## Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ЈСП СКОПЈЕ
В.Д Директор

_____________________
Александар Стојковски